Уп. бр. 08-8

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвото АЗ ДЕОС, оскрба старејших д.о.о. со регистрирано седиште на Фајфарјева улица 33, 1000, Љубљана, Република Словенија доставено преку Благој Петковски, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 14.02.2024 година, го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата со која друштвото АЗ ДЕОС, оскрба старејших д.о.о. со регистрирано седиште на Фајфарјева улица 33, 1000, Љубљана, Република Словенија ќе стекне директна контрола над ФАКУЛТЕТОТ ЗА ПРИМЕНЕТИ СОЦИЈАЛНИ СТУДИИ ВО НОВА ГОРИЦА, со регистрирано седиште на Грегоричичева улица 19, 5000, Нова Горица, Република Словенија, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 14.12.2023 година а дополнето на ден 26.12.2023 година, 09.01.2024 година и 18.01.2024 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за

концентрација од страна на АЗ ДЕОС, оскрба старејших д.о.о. со регистрирано седиште на Фајфарјева улица 33, 1000, Љубљана, Република Словенија, со која АЗ ДЕОС, оскрба старејших д.о.о. Љубљана, Република Словенија ќе стекне самостојна директна контрола над ФАКУЛТЕТОТ ЗА ПРИМЕНЕТИ СОЦИЈАЛНИ СТУДИИ ВО НОВА ГОРИЦА со регистрирано седиште на Грегоричичева улица 19, 5000, Нова Горица, Република Словенија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

**-АЗ ДЕОС, оскрба старејших д.о.о.** е друштво регистрирано во Република Словенија, чија основна дејност е други претприемачки и деловни консултантски услуги, воглавно во областа на социјалната заштита.

АЗ ДЕОС, оскрба старејших д.о.о. пред реализацијата на трансакцијата е индиректно присутен на македонскиот пазар, односно сопствениците на стекнувачот Јанез Крањц, Тинка Годец, Миха Крањц и Аленка Жнидаршиќ Крањц се јавуваат како сопственици во ПРВА ФИНАНЦЕ д.о.о (PRVA Finance d.o.o.), која пак е сопственик на ПРВА ГРУП (Skupina Prva d.d.), друштво кое има во сопственост две друштва во Република Македонија и тоа:

-Друштво за осигурување ПРВА ЖИВОТ АД Скопје, со регистрирано седиште на ул. Митрополит Теодосиј Гологанов бр. 6-1, кат 2, Скопје и со приоритетна дејност-осигурување на живот и

- КБ Прво друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови АД Скопје, со седиште на ул. Митрополит Теодосиј Гологанов бр. 6, Скопје и со приоритетна дејност-управување со фондови.

**-ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИМЕНЕТИ СОЦИЈАЛНИ СТУДИИ ВО НОВА ГОРИЦА** е формирано заради спроведување на деловни активности од областа на високото образование. Истото е присутно на пазарот на Република Словенија од 30.06.2006 година.

ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИМЕНЕТИ СОЦИЈАЛНИ СТУДИИ ВО НОВА ГОРИЦА не е директно, ниту индиректно присутно на македонскиот пазар.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1 и 2 од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека*

*истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**